**2023031543**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 7 став (5) од Законот за ловството („Службен весник на Република Македонија“ бр.26/09, 136/11, 1/12, 69/13, 164/13, 187/13, 33/15, 147/15, 193/15, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.150/21 и 283/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 7 февруари 2023 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЛОВСТВОТО И ЗА ОДГЛЕДУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ДИВЕЧОТ ПОД ЗАШТИТА ВО РЕПРОЦЕНТРИТЕ ЗА 2023 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдува видот и обемот на активностите кои ќе се финансираат со средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.282/22), извршителите на работата, изворот и износот на средствата, како и начинот на користење на средствата за развој и унапредување на ловството и за одгледување и заштита на дивечот под заштита во репроцентрите за 2023 година.

II

За извршување на активностите од дел I од оваа програма, предвидени се средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, раздел 14001 - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Програма 2-Шумарство, Потпрограма 20-Шумарство, Ставка 485 – Вложувања и нефинансиски средства, во износ од 5.000.000,00 денари и тоа за:

| ВИД НА МЕРКА | КРИТЕРИУМ И ВИСИНА НА ПОДДРШКА | ВКУПНО ИЗДВОЕНИ СРЕДСТВА |
|---|---|---|
| **Финансиска поддршка за развој и унапредување на ловството** | | |
| Исполнување на обврските на Владата на Република Северна Македонија за управување со државните ловишта | | |
| А. Финансирање на трошоци за храна на дивечот | Критериум:<br>- потпишан Договор за управување со дивечот во ловиште<br><br>Висина на поддршка:<br>50% од трошоците | 700.000,00 |
| Б. Финансирање на трошоци за изградба на ловнотехнички објекти (хранилишта, солишта, поилишта и др.). | Критериум:<br>- потпишан Договор за управување со дивечот во ловиште<br><br>Висина на поддршка:<br>50% од трошоците | |
| **ВКУПНО:** | | **700.000,00** |

Дел од средствата од став 1 од овој дел во висина од 4.300.000,00 денари ќе се искористи за исплата на дел од неизмирените обврски за 2011, 2012, 2013, 2014, 2015, 2016 и 2017 година кон Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменско подрачје „Јасен“ – Скопје.

III

Финансиските средства од оваа програма ги користат управувачите со дивечот во државните ловишта.

IV

Исплатата на средства се врши согласно Договорот за управување со дивечот во државните ловишта потпишан помеѓу Владата на Република Северна Македонија и управувачот со државно ловиште.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-1371/5
7 февруари 2023 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.